РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр 14-474
04 -04- 2016 година
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 20.05.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Viëra Вредност Value |
| 18 | 414 | 3 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15 и 30/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Компјутерски науки насока: Информациски системи, Веб и мобилни системи и Софтверско инженерство на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Компјутерски науки – насока: Информациски системи, Веб и мобилни системи и Софтверско инженерство на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот на Југоисточна Европа се обрати со барање бр. 03-414/1 од 26.02.2016 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-474 од 29.02.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на акредитираните студиски програми (од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование) од втор циклус на двегодишни студии по „Компјутерски науки" насока Информациски системи, решение бр. 14-215/5 од 12.02.2016 година, Веб и мобилни системи, решение бр. 14-215/3 од 12.02.2016 година и Софтверско инженерство, решение бр. 14-215/4од 12.02.2016 година на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-474 од 02.03.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии на англиски јазик по Бизнис администрација на Институтот за претприемништво и лидерски развој при наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 11.03.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 14-474 од 29.03.2016 година, каде е наведено дека за студиските програми наведени во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примачот
-Архива
изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити